РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-188/4
04-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-188/1 од 05.01.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости поврзани со исплата на средства по повеќе основи кон посебните советници во Кабинетот на министерот за ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-188/1 од 05.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 05.01.2026 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости поврзани со исплата на средства кон посебните советници во Кабинетот на министерот за /// и оформен е предмет број 12-188/1 од 05.01.2026 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконска исплата на додаток на плата од 30% и други награди на посебните советници во Кабинетот на министерот за ///, кои наводно се ангажирани со привремен договор (авторски договор, договор за дело или ангажман надвор од систематизацијата) и не спаѓаат во категоријата административни или раководни службеници вработени на систематизирани работни места кои имаат право на додаток од 30%

врз основа на одредбите на Законот за административни службеници и Колективниот договор за вработените во државната администрација.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Заради проверка на наводите кои се однесуваат на незаконска исплата на додаток на плата од 30% и други награди на посебните советници во Кабинетот на министерот за ///, од страна на Државниот инспекторат за труд на 27.02.2026 година е извршен инспекциски надзор над правниот субјект Министерство за ///.
При инспекцискиот надзор било утврдено дека во Министерството за /// на работното место посебен советник се вработени две лица, и тоа посебен советник за прашања од областа на /// и посебен советник за прашања од областа на ///. Овие работни места биле утврдени во член 15 од Систематизацијата на работни места на Министерството.
Државниот инспекторат за труд утврдил дека работниот однос на лицата бил основан по претходно добиена согласност од Министерството за финансии, со склучување на договори за вработување на определено време согласно член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 21 од Законот за работни односи, кон кои биле склучени анекси врз основа на член 49 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и член 4 и член 5 од Законот за минималната плата. На вработените им биле издадени решенија за утврдување на додаток на плата во висина од 30% од основната плата , согласно член 10 и член 85 од Законот за административни службеници, во врска со член 9 од Законот за извршување на Буџетот за 2025 година и член 5 од Уредбата за утврдување на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите. Според издадените решенија, додатокот на плата за специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа во висина од 30% се однесува на месеците март 2025 година, април 2025 година, мај 2025 година, јуни 2025 година и ноември 2025 година, за кои додатокот бил пресметан и исплатен на вработените. Од 01.01.2026 година додатокот на плата не се исплака.
При инспекцискиот надзор на Државниот инспекторат за труд било утврдено дека во Министерството за ///, освен вработените врз основа на договори за

вработување на определено време, нема ангажирано посебни советници со авторски договор, договор на дело или ангажмани надвор од систематизацијата. Врз основа на утврдената состојба во врска со наводите од пријавата доставена до ДКСК, Државниот инспекторат за труд не констатирал неправилности.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: А.Ч., претседател на ДКСК